# ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА ,,ЗАЕДНИЧКИ ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА АНТИМИКРОБНАТА ОТПОРНОСТ”

во организација на Здружение за одржлив развој БИОМ Скопје и
Мултисекторската комисија за контрола на АМО при Министерството за здравство на РСМ
и со поддршка на Светска Здравствена Организација – регионалната канцеларија за Европа
и американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)

**Локација: Хотел *Aleksandar Palace*, Скопје**

**Датум: 14 Декември 2023 година**

**Време: 10:30 - 14:30 часот**

**Целна публика: настан за 200 слушатели од различни сектори**
(фармацевти, лекари, доктори по ветеринарна медицина и др.)

## АГЕНДА

| | |
|---|---|
| **10.30 – 11.00** | **Пријавување и регистрација на учесници** |
| **11.00 – 11.30** | **Поздравни обраќања** |
| | Д-р Фатмир Меџити - Министер за здравство во Владата на РСМ |
| | Дип. инж. техн. Каја Шукова - Министер за животна средина и просторно планирање во Владата на РСМ |
| | Д-р Николче Бабовски - Директорот на Агенција за храна и ветеринарство на РСМ |
| | Доц. д-р Шабан Мемети – Директор на Институт за јавно здравје на РСМ |
| | Д-р Anne Johansen - шеф на Канцеларијата на СЗО во Северна Македонија (видео обраќање) |
| **11.30 – 12.15** | **Панел 1: ВАЖНОСТА НА КОНЦЕПТОТ “ЕДНО ЗДРАВЈЕ” ВО БОРБАТА ПРОТИВ АНТИМИКРОБНАТА ОТПОРНОСТ**<br>Модератор: Менче Атанасова Точи - раководител на одделение во сектор за комуникации и административна поддршка на ФЗО на РСМ |
| | Д-р Дугагин Османи - раководител на одделот за Микробиологија во ИЈЗ на РСМ и Национален координатор за АМО |
| | Проф. д-р Ана Кафтанџиева - Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје |
| | Доц. д-р Горица Попова - Катедра за микробиологија со паразитологија, Факултет за медицински науки, Универзитет “Гоце Делчев” во Штип |
| | Проф. д-р Ромел Велев - Катедра за фармакологија и токсикологија, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје |
| **12.15 - 12.30** | **Дискусија** |
| **12.30 – 13.15** | **Панел 2: НЕРАЦИОНАЛНО ПРЕПИШУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА АНТИБИОТИЦИ – ЕДЕН ПРОБЛЕМ, ПОВЕЌЕ РЕШЕНИЈА**<br>Модератор: Менче Атанасова Точи - раководител на одделение во секторот за комуникации и административна поддршка на ФЗО на РСМ |
| | м-р Кристина Христова, Фонд за здравствено осигурување на РСМ, АМП национален координатор/фокал поинт на СЗО |
| | м-р Билјана Стројмановска – раководител на одделение за ветеринарно-медицински препарати, Сектор за ветеринарно јавно здравство, АХВ на РСМ |
| | Проф. д-р Никола Пановски - Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје |
| | Проф. д-р Александра Грозданова – Фармацевтски факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Претседател на Националната комисија за имунизација |

Овој настан е организиран со поддршка на канцеларијата на СЗО во Северна Македонија и со поддршка на УСАИД. Ставовите на панелистите изразени за време на оваа панел дискусија не мора задолжително да ги одразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на САД.

| | |
|---|---|
| **13.15 – 13.30** | **Дискусија** |
| **13.30 – 13.45** | **Завршни зборови** |
| | Проф. д-р Калина Гривчева Старделова - претседател на Лекарска Комора на РСМ |
| | Дипл. фарм. спец. Весна Ставрова - претседател на Фармацевтска Комора на РСМ |
| | Д-р Жарко Михајлоски – претседател на Ветеринарна Комора на РСМ |
| **13.45 – 14.30** | **Коктел** |

Настан акредитиран од Лекарската Комора, Фармацевтската Комора и Ветеринарната Комора на РСМ

## КРАТОК ОПИС НА ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕМИ НА ПАНЕЛ ДИСКУСИЈАТА „ЗАЕДНИЧКИ ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА АНТИМИКРОБНАТА ОТПОРНОСТ“

Нашата земја, како и секој друг регион во светот, продолжува да се соочува со закани од појава и повторно појавување на зоонозни болести кое меѓудругото повлекува и зголемена употребата на антибиотици, а последично на тоа и зголемен број на отпорни соеви на бактерии, односно зголемена антимикробна отпорност (АМО).

Здравјето на луѓето е суштински поврзано со здравјето на животните и животната средина, а напорите на само еден сектор не може да ги спречат или адекватно да ги решат сложените проблеми на интерфејсот човек – животно - животна средина, поради што усвојувањето на пристапот „Едно здравје“ во справување со АМО денес претставува императив.

Имајќи го во предвид големото значење на АМО потребно е постојано да се дискутира за важноста од развој на програми за антимикробно управување, да се промовира антимикробното управување и да се едуцираат нови генерациии на стручни лица кои ќе бидат во можност да развијат и имплементираат програми за контрола на инфекциите како во хуманиот така и во ветеринарниот сектор.

Преку нагласување на аспекти како што се превземање на мерки за намалување на инциденцата на инфекции, претпазлива и соодветна употреба на антимикробните средства и имплементирање на добри меѓусекторски практики на соработка, ќе се зајакнат превентивните мерки во борбата со АМО и во двата сектори.

Врз основа на иницијативата на Мултисекторската комисија за контрола на АМО при Министерството за здравство на РСМ и во согласност со традиционалните активности на кампањата “Светската недела за рационална употреба на антимикробните средства”, беше донесена одлука и оваа година како и изминатите да организираме настан во кој ќе бидат вклучени и хуманиот и ветеринарниот сектор, а со кој повторно ќе придонесеме за разбирање и подигање на свеста за АМО и ќе промовираме добри практики на соработка на засегнатите страни во концептот „Едно здравје“.

Решивме да организираме панел дискусија под мотото „Заеднички во спречување на антимикробната отпорност“ која ќе има за задача преку разговор на модераторот со неколку еминентни научни работници од релевантните сектори на оваа тема, да поттикне, вклучи и допре до најмалку 200 учесници од различните сектори (лекари, фармацевти и доктори по ветеринарна медицина).

Во првиот панел со наслов “Важноста на концептот “Едно Здравје” во борбата против антимикробната отпорност” целта ни е да развиеме дискусија за АМО од перспективата на "Едно здравје", дискусија за потребата од поголема меѓусекторска координација и презентирање на некои добри меѓусекторски практики на соработка со интенција во иднина да се развие единствена рамка за акција преку ефективна имплементација на овој концепт во контрола на АМО. На овој панел ќе бидат презентирани и резултатите од самоевалуацијскиот прашалник за напредокот на земјата во имплементација на националната стратегија и акциски план за контрола на АМО (TrACSS) за 2022 година и ќе биде промовиран новиот патоказ на СЗО за АМО за Европскиот регион за периодот 2023–2030 година. На панелот ќе стане збор и за улогата на микробиолошката лабораторија во детекција и следење на АМО, мерките кои може да се превземат за превенција на ширењето на резистенцијата (особено важно за болничката средина), за карактеристичните проблеми поврзани со АМО кај педијатриската популација и како сето тоа се вклопува во концептот Едно здравје.

Во вториот панел со наслов “Нерационално препишување и употреба на антибиотиците – еден проблем, повеќе решенија” целта ни е преку прикажување на најновите податоци за препишувањето/употребата на антибиотиците во нашата земја, презентирани од страна на релевантните ескперти од хуманиот и ветеринарниот сектор, да се воочат интенциите за потрошувачката на поедините групи на антибиотици на ниво на држава и да се укаже уште еднаш на потребата за нивно рационално препишување/употреба во контролата на АМО, како и да се продискутира за алатките и решенијата кои ни се на располагање во таа смисла.

Поточно ќе стане збор за значењето на нашето учество во европската мрежа на СЗО за следење на антимикробната потрошувачка (АМП), за резултатите на ФЗО на Македонија за АМП во периодот 2020-2022 и за рационалното препишување на лековите и предизвиците поврзани со сето тоа.

Ќе слушнеме и за историските искуства во РСМ во прескрипцијата на антибиотиците, влијанието на АМП за време на ковид пандемијата врз резистенцијата на бактериите и воопшто врз здравјето на нацијата, за податоците од  мрежите за следење на резистенцијата на инвазивните изолати од хемокултури, за честотата на изолатите меѓу Македонија и ЕУ и меѓу земјите од Западен Балкан и ЕУ, за бројот на изолирани бактерии во Македонија и процентот и видот на резистенција на изолатите за изминатите 9 години, за мерките превземени од страна на државата и за тоа дали имаме помош и од каде до сега е таа добиена.

На панел дискусијата ќе стане збор и за тоа како имунизацијата влијае врз намалувањето на употребата на антибиотиците и дали зголемувањето на опфатот на вакцинација би влијаел врз намалувањето на употребата на антибиотиците. Ќе стане збор и за чекорите и активностите кои се превземаат за подобрување на состојбата со имунизација кај нас и дали се потребни промени/адаптација на одредени регулаторни делови во однос на законските и подзаконските акти.

Здружение за одржлив развој “БИОМ” од Скопје ќе ја подготви сцената за панел дискусијата и ќе спроведе активности поврзани со подигање на свеста кај општата популација во смисла на разумната употреба на антимикробните средства во нашата земја.

- **Време:** 10:30 – 14:30 часот
- **Датум:** 14 Декември 2023 (Четврток)
- **Место на одржување:** Хотел ,,Александар Палас", Скопје
- **Целна публика:** 140 здравствени работници (фармацевти, лекари) и 70 ветеринарни работници со интерес за разумно и одговорно управување со антимикробните средства и контрола на АМО
- **Организатор:** Здружение за одржлив развој БИОМ Скопје и Мултисекторска комисија за контрола на АМО при Министерството за здравство на РСМ
- **Поддржувач:** Светска Здравствена Организација – регионална канцеларија за Европа и американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)
- **Акредитација:** Панел дискусија акредитирана од Фармацевтската комора, Лекарската комора и Ветеринарна комора на РСМ
- **Поени за учество на КСУ:**
- **Регистрација и плаќање:** Регистрацијата и учеството е бесплатна по принципот "прв пријавен – прв услужен" до пополнување на предвидениот број на учесници од секој сектор
- **Рок за пријавување до:** 13 Декември 2023

## ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА ,,ЗАЕДНИЧКИ ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА АНТИМИКРОБНАТА ОТПОРНОСТ"

### 14 Декември 2023 (Четврток) - 10:30 до 14:30 часот

**Покана до здравствените (фармацевти, лекари) и ветеринарни работници со интерес за разумно и одговорно управување со антимикробните средства и контрола на антимикробната отпорност (АМО)**

**Клучни цели на панелот:**

• да се развие дискусија за антимикробната отпорност од перспективата на "Едно здравје", дискусија за потребата од поголема меѓусекторска координација и да се презентираат некои добри меѓусекторски практики со интенција во иднина да се развие единствена рамка за акција преку ефективна имплементација на овој концепт при справувањето со АМО

• да се презентира новиот патоказ на СЗО за АМО за Европскиот регион за периодот 2023–2030 година за кој РСМ се заложи во рамки на 73-та сесија на регионалниот комитет на СЗО за Европа (RC73) во Астана (Казахстан)

• да се презентираат најновите податоци за препишувањето/употребата на антибиотиците во нашата земја, презентирани од страна на релевантни ескперти од хуманиот и ветеринарниот сектор, да се воочат интенциите на потрошувачката на поедини групи на антибиотици на ниво на држава, да се укаже на потребата за нивно рационално препишување/употреба и да се продискутира за алатките и решенијата кои ни се на располагање во таа смисла

• да се подигне свеста за интеракцијата помеѓу луѓето и животните и нужноста од рационална употреба на антимикробните средства во хуманиот и ветеринарен сектор

• да се продолжи со едукација и поддршка на сите засегнати страни во справувањето со понатамошната појава и растечка закана од бактерии отпорни на антимикробни средства

• да се зајакне соработката меѓу професионалните организации, академските институции и Националните агенции од хуманиот и ветеринарниот сектор во духот на "Едно здравје" и да се поттикнат најдобри практики кај поширoката јавност, здравствените и ветеринарните работници и креаторите на политики

**Повикани панелисти:**

**Проф. Д-р Ана Кафтанџиева** - Институт за микробиологија и паразитологија при Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Доц. д-р Горица Попова** – Катедра за микробиологија со паразитологија при Факултет за медицински науки, Универзитет "Гоце Делчев" во Штип

**Проф. д-р Ромел Велев** - Катедра за фармакологија и токсикологија при Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Член на Извршниот одбор и претседател на Стручниот одбор на Ветеринарната комора на РСМ

**Д-р Дугаѓин Османи** спец. микробиолог – Раководител на одделот за Микробиологија при Институтот за јавно здравје на РСМ, Национален координатор за Антимикробна резистенција

**м-р Кристина Христова,** Фонд за здравствено осигурување на РСМ, АМП национален координатор/фокал поинт на СЗО

**м-р Билјана Стројмановска** – Раководител на одделение за ветеринарно - медицински препарати, Сектор за ветеринарно јавно здравство, Агенција за храна и ветеринарство на РСМ

**Проф. д-р Никола Пановски** - Институт за микробиологија и паразитологија при Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Проф. д-р Александра Грозданова** - Фармацевтски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Претседател на Националната комисија за имунизација

**Модератор на панел дискусијата:**

**Менче Атанасова Точи –** раководител на одделение во секторот за комуникации и административна поддршка на Фондот за здравствено осигурување на РС